Глајнооj ( Р. бр. 22, стр. 848-860 во ТОМ-1, и Табела бр. 22 и 22-а, стр. 1120-1130 во ТОМ-2 и Котлинци ( Р. бр. 22, стр. 825-847 во ТОМ-2, со Табела бр.20 и 20-а, стр. 1090 -1103, во ТОМ-2 ).
Подолу внесувам портрет на мајка ми Јорда, ќерка на баба Султана и дедо Тоде од родот Котлинци,Јанчиште и од моите братучетки Мара Апостоловска, мажена за Перо Блажевски во Јелошник и Сребра Апостоловска мажена за Стојан Крстевска од Глоѓи, кои се ќерки од вујко Крсто од род Котлинци, Јанчиште, со цел да се види заедничката генетска врска преку мојата баба Султана, со мене и мајка ми Јорда од родот Глајнооj, Варвара, со лица од род Лалошоој од Лешок.
**в. Речник,** ( Р. бр. 18, стр. 37, 51-52, 92, 120, 129, 211, 223, ), **Варвара, Глајнооj, Глајноа нива, Јанчиште, Котлинци, Лалошоој, род, слава,**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  | |
| Ристо + | Доста + | Иван + | Јорда + | Гуга + | Александар | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  | |
| Мара + | Виолета | Сребра + | Тодор | Богоја | |

# 11. Гркооj

**Гркооj** е **нов** род од Лешок, кои се доселени од Рогачево. Живеат во Тенеке маало, на север од црквата Св. Никола. Домашна слава им е **Св. Аранѓел**. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ -1, Р. бр. 18, стр. 57 и Р. бр. 25, стр. 79-85 ).
Јас добро се сеќавам на браќата: дедо Томе-Грк и дедо Тоде-Грк, на кои татко им бил Самоил.
**Тоде** има еден син Љубе и две ќерки Цвета и Убавка. Љубе Васовски има син Јове и ќерка Анѓа. Јас го знам внукот **Јове Васовски**, кој се пресели во Виндзор, Канада, кој има два сина Стивен и Мајкл. Анѓа е мажена за Драган од Жилче и има два сина. Јове Васовски беше другар и генерација со мојот братучед Борчо Спироски, кој е починат. ( Р. бр. 12 и 14, стр. 66-67 ).
Од дедо Томе од Гркооj, јас ги знам трите деца: Јосиф, Иљо и Тодорка, кои работеа во Германија. Јосиф има син Зоран, Иљо има син Љупчо и Тодорка се омажи во Србија и има една ќерка.
**Тодорка Васовска** учеше со мене основно и беше помлада - Генерација 1950/51. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148-158 во ТОМ-1, Р. бр. 8, стр. 82 и 83 и 299 и Р. бр. 12 и 14, стр. 55-57 ).
Јас го знам аџо Славе Атанасовски и неговите два сина Иван Атанасовски и Витомир Миловски. Славе гоословувавме со прекарот Чавка.
**Иван** Атанасовски е оженет со Дафинка Мисајловска од родот Дабоќеej, Лешок и имаат две ќерки: Верче и Биљана. Верче е мажена за Синиша од родот Коачооj и има ќерка Маја и син Ненад, а Биљана има син Ѓоке и ќерка Сања.
**Витомир** Атанасовски со Мара од Кокооj имаат син Славчо и ќерка Жана.

Со Дафинка бевме Генерација 1949/50 од Лешок и заедно учевме, за која напишав кратка биографија. ( Р. бр. 12 и 14, стр. 126 и Р. бр. 25, стр. 55).

Иван беше дописен новинар на МРТВ и сликаше со фотоапарат и камера и има оставено многу фотографии и видео снимки. За Иван Атанасовски напишав посебен текст во мојата книга: Лешок од Македонија во фотографии ( Р. бр. 5 и 15, стр. 148-156 ) и напишав биографија во книгата Лица од Лешок. ( Р. бр. 25, стр. 111 и 112 ).

Ги знам браќата Душко, Злате, и Борис и сестрата Јорда., кои се деца на Ѓорче Спасов Миловски од родот Гркоој. Злате Милоски работеше како комерцијалист во Македонска книга, Скопје. Душко Милоски е сопственик на Фото студио ЈАСМИНА, Скопје и има направено многу фотографии и видео снимки со фотоапарати и камери. Во времето од 2001 -2005 година Душко со неговото Фотостудио Јасмина даде голем придонес за сликање и овековечување на многу настани и личности од активностите на Здружението ЛЕШОК од Скопје. За Душко Милоски напишав посебен текст во мојата книга: Лешок од Македонија во фотографии ( Р. бр. 5 и 15, стр. 104-109).

Ги знам Анѓелко Спасов Васовски, на кого жена му беше Вита, ќерка од Мито Јастрев Поповски од родот Лалошоој. Анѓелко има син Мирко и ќерка Олга. Мирко со сопругата Блага, ќерка на Јове Иљов од родот Качоој, имаат син Даниел, кој трагично многу млад погина во сообраќајна несреќа. Олга има ќерка Андријана и син Костадин. За Вита од фамилијата Јастревски од Лалошоој и Анѓелко од родот Гркоој, може да се прочита во двете книги. ( Р. бр. 5 и 15, стр. 69-105 и 86-94 и Р. бр. 17, стр. 37 - 45 ).

Од Гркоој ги знам Божана Атанасовска и брат и Тоше, кои беа деца на Ќирко и Нада. Ќирко е син на Донка од родот Гркоој од Лешок. Донка од Гркоој имала две сестри Перса и Славка и два браќа Атанас и Спасо. Перса е мажена за Ѕако од Момирооj од Лешок, Славка е мажена за Диме од Глоѓи, Атанас е во Лешок и има син Славе и ќерка Срба и Спасо има два сина Ѓорче и Анѓелко и ќерка Николина.

Донка била омажена за Петре од родот Кљакоој од Отуње и имале три деца: Ќирко, Благуња и Ане. Бидејќи Петре многу млад умира, Донка со малолетните деца ја прифатиле браќата Атанас и Спасо да ги догледа децата. Ќирко со двете деца Божана и Тоше живееја во Тенеќе маало во куќа меѓу Ѓоре Паша и Славе Атанасовски. Божана учеше со мене во осмо одделение во Теарце, а Тоше беше неколку генерации по мене. По некоја година се преселија во Драчево. Ова семејство на Донка и Петре од Клакоој од Отуње го сметавме како Гркоој, бидејќи Донка е од овој род и трите деца израснаа во Лешок.

Денес Божана живее во Детроит, САД со семејството, а Тоше живее во Драчево. Божана со Перо од Глоѓи има две деца Анита и Ромео. Тоше Атанасовски живее во Драчево и имаат три деца: ќерка Наташа и два близнаци Предраг и Перо. Наташа е мажена и живее во САД и има две ќерки Мишел и Мелани и син Мајкл.

Благуња, втората ќерка на Донка е мажена во Теарце и има три деца Гордана, Сузана и Филка, а Ане има ќерка Мира. Види, ( Р. бр. 36 - род Пашини).

Денес, 02.02.2026, разговарав со Тоше Атанасовски и со Борис Момировски и ми дадоа многу корисни објаснувања, за што сум многу благодарен.

Би сакал да нагласам дека нема логика и треба да се преиспита, запишаното од авторот Илија Петрушевски во Книгата Лешок од 2004 година, дека овој род потекнува од монахот Петре или Петроние, оти дом на монасите е манастирот, а не семејството. ( Р. бр. 8, стр. 82 и 83 и 299 ). Ова посебно што во родот Лалошоој од Лешок во шестото колено имало лице Петре- Петроние, роден брат на јереј Онуфрие, кој бил монах и некаде се споменува како Петре-Петроние, а некаде калуѓер Даниел, кој бил еден од трите монаси, кои се запишувачи на Лешочкиот поменик ( Р. бр. 1 и 22, стр. 273-292 во ТОМ-1 и Р. бр. 18, стр. 101 и 170- 171 ).

**в. Речник,** ( Р. бр. 18, стр. 50, 57, 93-94, 106-107, 101, 129, 193-194, 211, 223, 241-242, 285,), **Генерација, Гркооj, Јасреeј, калуѓер, Качооj, Лалошооj, Попооj, род, слава, Тенеќе маало, школо,**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  | |
| Атанас + | Славе + | Иван + | Витомир + | Душко | Анѓелко + | |

xxx

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  | |
| Мирко | Тодорка | Јове | Божана | Славчо | |

# 12. Гуљакооj

**Гуљакооj** е **нов** род од Лешок, кој е доселен од Сетоле. Домашна слава е **Св. Никола**. На овој род куќите се на Бања во Бакар маало. Овој род го викаме Гуљакооj, а некои го викаат и **Карапанџооj**. Но, потомците треба да утврдат дали се работи за еден или два рода. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 -158 во ТОМ-1, Р. бр.7, стр. 84, Р. бр. 8, стр. 87 и 88, Р. бр. 18, стр. 59 и Р. бр. 25, стр. 79-85 ).

Од родот Гуљакооj, како најстаро лице, Јас, се сеќавам и го знам дедо Раде. Раде Мирчевски- Гуља, кој има три сина: Борис, Боге и Душан. Јас, ги знам Боге и Душан, а не го знам Борис, оти погинал во Втора светска војна.

**Боге** Мирчевски, Јас добро го знам кој беше возач-шофер на автобуси во АТП Полет и Пролетер. Боге има син Анѓелко (Ане) и две ќерки, Вида и Мирјана. Вида е мажена со Зоран од Одри. пуковник во АРМ, а за Мирјана незнам.

**Ане** Мирчевски - Гуља со сопругата Стеванка Јовановска од Колтук, Тетово имаат две ќерки Даниела и Богица. Даниела со мажот Бошко од Тетово имаат два сина Мирослав и Ангел. Богица со мажот Дарко од Прилеп имаат син Лука. Ане изгради куќа во Лешок и тука живееше со сопругата, а 2020 година почина. Денес во Лешок живее ќерката Даниела.

Ане од родот Гуљакооj е моја Генерација 1949/50 ученици и заедно учевме во ист клас од прво до осмо одделение. Ане беше графички работник и работеше во Печатницата Напредок, Тетово. Стеванка, сопругата на Ане работеше како проценител во ЗОИЛ Македонија, филијала Тетово, односно КЈУБИ Македонија. Ане Гуља беше многу пријатен и ведар дух и доаѓаше на Средбите на Генерацијата. ( Р. бр. 12 и 14, стр. 43-54, 132-133 и стр. 159-193 и Р. бр. 19, ).

**Душан** Мирчевски -Гуља со сопругата Ружа од фамилијата Дамјанооj од родот Лалошооj имаат син Никола (Коље) и ќерка Лидија. Никола (Коље) Мирчевски со сопругата Силвана имаат два сина, Душко и Небојша, а Лидија со Јовче од Теарце имаат два сина, Александар и Бојан.

Во Лешок слушав некои луѓе, кои за Трипун и Ѓурче и нивните потомци велат дека се од Гуљакооj, но, повеќе лица сум ги слушал кога ги ословуваат и велат дека се од Карапанџооj и затоа ги сместив во два поднаслови-родови. Види, (Р. бр. 20 - Род Карапанџооj ).

**Борис** Р. Мирчевски, е од родот Гуљакооj, загинал како војник 1944 год. кај Кајмакчалан и оставил две мали сирачиња Раско и Олга, да ги одгледува неговата сопруга Даница, која е со потекло од родот Сандарооj од Лешок. ( Р. бр. 44 – Род Сандарооj ). Види ( Р. бр. 17, стр. 28 - 49 и 76 и Р. бр. 25, стр. 99).